Димитар ДИМЕСКИ

# БРАНКО ПАНОВ
(По повод 60 годишнината од животот)

Бранко Панов спаѓа во редот на познатите македонски научници и педагози. И припаѓа на генерацијата научници-втемелувачи на современата македонска медиевалистика, а поспецијално, на македонската византологија.

Неговата животна сторија започнува во Струмица на 22 март 1932 година, каде го завршил основното и средното образование. Раскрилувањето на неговите квалитети посебно доаѓа до израз во текот на студиите на групата за историја (1951-1955 г.). Во 1955 година дипломира со одличен успех на Филозофскиот факултет во Скопје.

Најпрво, кусо време бил вработен како архивист во Историскиот музеј на Македонија. Неговата универзитетска кариера започнува во 1956 година. Тогаш, всушност, бил избран за асистент по предметот Општа историја на Средниот век. Докторира на 22 мај 1965 година на тема: „Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ". Во наредната 1966 година е избран за доцент по предметот Историја на Византија. Пет години подоцна, во 1971 година е унапреден во вонреден професор по истиот предмет, а во 1972 година му е доверен и предметот Историја на македонскиот народ-Среден век. Во јуни 1976 година станува редовен професор. Двапати е реизбран во ова највисоко универзитетско звање (1982, 1988 г).

Професорот Б. Панов изведува настава и за студентите по географија, етнологија и журналистика. Притоа, ги предава предметите:

Историја на македонскиот народ (I) и Историја на балканските народи (до неодамна: Историја на народите на Југославија).

По отворањето на постдипломските студии од областа на историјата на македонскиот народ во 70-те години, професорот Бранко Панов активно е ангажиран во насоката Историја на македонскиот народ од VI-от до крајот на XIV век. Освен тоа, последниве години на III-от степен го предава и предметот Теорија и методологија на историската наука.

I.

Бранко Панов близу четири децении е присутен на педагошката сцена. Основоположник е на катедрата за Историја на Византија. Има крупни кадровски заслуги.

Негови воспитаници се бројни дипломирани историчари, географи, етнолози и новинари. Покрај тоа, бил ментор на кандидати за магистри, како и на докторати за историски науки. Освен тоа, професорот Панов активно е вклучен во комисиите за одбрана на магистерски и докторски тези од областа на медиевалистиката.

Бранко Панов држел неколку циклуси предавања за богомислтвото во Македонија пред слушателите на постдипломски студии на Филозофскиот факултет во Задар на насоката Средновековно општество на нашите народи. Освен тоа, држел предавања и пред студентите-постидпломци при Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Бранко Панов држел низа предавања ширум Македонија од областа на средновековната историја на македонскиот народ и историјата на Византија, особено по повод значајни јубилеи сврзани за Св. Кирил и Методиј, Св. Климент и Наум и др. Настапувал пред ученици, наставници, студенти, универзитетски професори, како и пред граѓаството-во Скопје, Дебар, Кратово, Штип, Струмица, Прилеп, Битола, Охрид и сл. Со пригодни предавања настапувал и на Филозофскиот факултет во Скопје, како и на универзитетите во - Љубљана (Словенија), Москва, Вороњеж (Русија), Краков, Познањ и Варшава (Полска), Братислава (ЧССР).

За образовната програма на Македонската РТВ, Бранко Панов подготвил повеќе емисии од областа на етногенезата на македонскиот народ, создавањето на македонската средновековна држава, Македонската православна црква, како и за Св. Кирил и Методиј, Св. Климент и Наум - по повод значајни јубилеи. Посебно треба да се истакне авторството на тв. серијата во три продолженија за богомислтвото во Македонија - снимена од Македонската телевизија.

Покрај учеството во креирањето на универзитетски учебници и прирачници, професорот Бранко Панов во последно време има

публикувано неколку учебници и прирачници за основното и средното образование, а бил и рецензент на неколку учебници за основно и средно образование.

Професорот Бранко Панов е еден од креаторите на „Македонската енциклопедија за деца" (Детска радост, Скопје, 1990 г.)

За високите дострели на воспитно-образовниот план професорот д-р Бранко Панов е удостоен со високото републичко признание, наградата „Св. Климент Охридски" (1992 г.).

## II.

Во досегашниот период Бранко Панов развил интензивна научно-истражувачка дејност. Истражувал во бројни архиви и библиотеки во земјата и странство, пред се, во Скопје, Белград, Виена (1970, 1981 г.), Венеција (1973 г.), Рим, Москва, Варшава и Краков. Повеќепати престојувал во Белград, при што истражувал, првенствено, во Византолошкиот институт на САНУ. Во 1967 година реализирал двомесечен престој во Москва, каде што гостувал во Институтот за славјановедение и балканологија при АН СССР. Во Венеција истражувал во Државниот архив и во Националната библиотека „Марицијана", а ја посетил и познатата институција „Фондационе Цини" (остров Сан Горгио). Во Рим истражувал во Ватиканската тајна архива и познатата Ватиканска библиотека. При последниот престој во Виена (октомври 1981 г. ) истражувал во Државниот и Военият архив, во ракописното одделение на Австриската национална библиотека, како и во библиотеката во Институтот за византологија. Притоа, заедно со акад. Стјепан Антољак, прибирал материјали за темата: „Номадски и полуномадски сточарски движења во Македонија во VI-от до крајот на XIV век", која е составен дел на макро-проектот на МАНУ: „Номадски и полуномадски сточарски движења на Балканот и во Југоисточна Европа".

Бранко Панов е учесник на бројни републички, југословенски и меѓународни конгреси, симпозиуми, научни средби и семинари, со свои реферати и дискусии. Притоа, посебно се значајни неговите настапи во странство: на меѓународнот семинар во Нитра, ЧССР (1969 г.); на II Балканолошки конгрес во Атина (1970 г.); на III Словистички конгрес во Салцбург (Австрија) и Регенсбург (Германија) во 1970 година; на Светскиот конгрес на историчарите во Москва (1970 г.); на меѓународниот научен собир во Краков (1989 г.). Покрај тоа, настапил и на следниве Византолошки конгреси: на XII-от (Охрид, 1961 г.); на XIV-от (Букурешт, 1971 г.); на XV (Атина, 1976 г.); на XVI (Виена, 1981 г.); на XVII (Вашингтон, 1986 г.), како и на последниот, XVIII Византолошки конгрес (Москва, 1991 г.).

Бранко Панов досега публикувал над 120 научни трудови, првенствено од областа на македонската медиевалистика и византологија. Со своите студии, а посебно со своите научни настапи на меѓународните научни собири, стана познат и на меѓународнен план. Врз основа на бројна изворна документација поставил и расветлил низа проблеми од областа на македонската медиевалистика. Посебно се значајни неговите научни резултати за етногенезатата на македонскиот народ, за Кирило-Методиевската проблематика, дејноста на св. Климент и Наум во Македонија, Охридската книжевна школа, богомилството, формирање на феудалните односи во Македонија, создавањето на македонската средновековна држава, востанијата на македонскиот народ во периодот на византиското владеење, аграрната историја, црковната историја на македоснкиот народ, македонските средновековни градови (на пр. Охрид, Штип, Струмица, Дебар и сл.). Професорот Панов разрешува проблеми и од историјата на Византија, поспецијално, прашања од областа на византиско-словенските односи. Покрај тоа, во неколку свои трудови дава свој придонес кон расветлувањето на нововековната историја на македонскиот народ. Бранко Панов има свој придонес и во видните остварувања на македонската историографија: тритомната Историја на македонскиот народ (1969 г.) и двотомните Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава. (1981 г.)

Бранко Панов висок дострел достигна со публикацијата Средновековна Македонија (т. II, III, Скопје, 1985 г.) во која се проследени движечките историски процеси од развојот на македонскиот народ, почнувајќи од доселувањето на Словените во Македонија, па се до нејзиното потпаѓање под османска власт.

За крупниот придонес во научната сфера, д-р Бранко Панов е удостоен со две значајни признанија: наградата на град Скопје „13 ноември" за монографскиот труд „Теофилакт Охридски" (1972 г) и високото републичко признание, наградата „Гоце Делчев" за публикацијата „Средновековна Македонија" (1986 г.).

## III.

Општествениот ангажман на Бранко Панов датира уште од гимназиските клупи, се интензивиа во студентските денови, а посебно доаѓа до израз по вработувањето на Филозофскиот факултет во Скопје, кога поактивно се вклучил во работата на општествените организации и тела на Факултетот и надвор од него. Така, меѓу другото, бил срекретар на Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија, член на Главната управа, а потоа и на Извршниот одбор на истата асоцијација; секретар на списанието Историја, а потоа и негов главен и одговорен

уредник; претседател на Редакцискиот одбор на Годишниот зборник на Филозфскиот факултет во Скопје, член на Редакцијата и уредник на I дел (од I том) на двотомната репрезентативна публикација „Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава" (1981 г.), издадена на македонски, руски и англиски јазик; претседател на Управниот одбор на Филозофскиот факултет; претседател на Советот на Филозофскиот факултет во Скопје; ракпводител на ННСГ за историја (два мандата), раководител на Советот на постдипломски студии (два мандата); еден од основоположниците на Одделението за словенско-византиски период при Институтот за национална историја, како и раководител на посоченото одделение; член на Универзитетската комисија за подготовка и отворање на студиската група за етнологија; член на Византолошкиот комитет и сл.

Сега, меѓу другото, професорот Б. Панов е член на Одборот за заштита на културно-историските споменици во Струмица; уредник на I том и член на Главната редакција на седумтомната Историја на македонскиот народ; член на Издавачкиот совет на Просветно дело; раководител на меѓународен научен проект на тема: „Придонесот на Кирил и Методиј за развојот на македонската и полската средновековна култура" (Скопски и Варшавски универзитет); раководител на Советот на постдипломските студии при Институтот за историја, како и член на Одборот за балканологија при Македонската академија на науките и уметностите.

Сета оваа импресивна дејност на Бранко Панов е валоризирана со Оредн на трудот со златен венец (1978 г.) и со редица плакети, признанија и благодарници на Филозофскиот факултет, Скопскиот универзитет и на др. институции и асоцијации.

* * *

Шеесетгодишниот јубилеј на професор д-р Бранко Панов укажува на длабоко осмислен животен пат.

Досегашните високи награди, одликувања и признанија најдобро сведочат за евидентините вредности и вонредните заслуги на Бранко Панов во развојот и растежот на универзитетската настава и во развојот на современата македонска историографија.